

Македонски

# ŠKOFJA LOKA
# Шкофја Лока, мојот нов дом

Добро е да се знае: **Информативна брошура за доселеници**

Почитувани,

Преселувањето и потрагата по нов дом секогаш претставуваат предизвик. Полесно е да изградите исполнет живот во нова средина кога ќе станете дел од заедницата. Шкофја Лока е динамична, економски успешна и културно богата заедница која на секого му овозможува да го реализира својот потенцијал. Квалитетното образование, бројните јавни институции и широкиот спектар на дејности се гаранција за квалитетен живот. Токму за таа цел е подготвен и овој водич за услугите што ги нудат јавните служби и другите организации во нашиот град којшто има иљадагодишна традиција.

Тине Радиња, градоначалник на Шкофја Лока

## ОПШТИНА ШКОФЈА ЛОКА

Општина Шкофја Лока се наоѓа на преминот меѓу предалпските ридски подрачја на Шкофја Лока и Полхов Градец и Љубљанската котлина. Градот се наоѓа помеѓу Селшката и Полјанската долина, како и Сорското поле. Низ целата своја историја ова подрачје имало значајна сообраќајна улога.

И денес е зачувана поволната сообраќајна положба: се наоѓа на 26 километри од Љубљана и на 20 километри од аеродромот во Љубљана. Недалеку од градот поминува и железничката пруга Љубљана - Јесенице.

Повеќе од 800 години, градот бил административен, економски и културен центар на феудалниот посед, којшто германскиот цар Отон II му го доделил на Фрајзиншката бискупија на Баварија во 973 година .

Површината на денешната Општина Шкофја Лока изнесува 146 км² и на тоа подрачје живеат околу 23.000 жители. Шкофја Лока е регионален центар кој опфаќа бројни административни институции и општествени (јавни) и услужни (централни) дејности од пошироко значење. Таа се вбројува меѓу поважните економски центри со добро развиена индустрија.

# АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ

### Што можам да уредам во управната единица?

Во управната единица може да уредите сè што е поврзано со дозволите за престој, пријавување на привремено/постојано живеалиште, единствена дозвола за работа и престој (погледнете го делот: Вработување), склучување на брак, издавање извод од матичната книга на родените и бројни други постапки (возачки дозволи, изгубени документи и сл.).

Може да поднесете барање за дозвола за привремен престој само ако легално сте влегле во Словенија и исполнувате други услови (на пример: студирање, работа во Словенија, итн.). По правило, за првата дозвола за престој поднесувате барање во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Словенија во странство, но според новите прописи, ако легално сте влегле во Словенија можете да поднесете барање во која било управна единица во Република Словенија и таму да дадете отпечатоци од прсти и електронски да се потпишете. Продолжувањето на истата може да се уреди во која било управна единица во Словенија. Ако се преселите, привремениот престој мора да го пријавите во управна единица во рок од 8 дена. Доколку не зборувате добро словенечки јазик, морате сами да си обезбедите толкувач/преведувач кој ќе ви помогне при уредувањето на постапките во управната единица.

За децата коишто ќе се родат во Словенија, дозволата за престој се издава по службена должност, но родителите мора во рок од 3 месеци да поднесат барање во управната единица кон кое ќе приложат фотографија и извод од матичната книга на родени. Откога детето ќе добие дозвола за престој, тогаш ќе има право на здравствено осигурување.

Учењето на словенечкиот јазик и запознавањето со словенечкото општество се спроведуваат преку ZIP програмата за почетна интеграција на доселеници (*Začetna integracija priseljencev – ZIP*). Програмата опфаќа повеќе тематски целини преку кои учесникот се оспособува за комуникација во новата средина и стекнува знаење за полагање на испитот „Словенечки како втор и странски јазик“ („*Slovenščina kot drugi in tuji jezik*“), на почетно и основно ниво (A1 и A2/B1).

Право на учество во програмата имаат сите странци, државјани на трети земји, кои:

- престојуваат во Република Словенија врз основа на привремена дозвола за престој со важност од најмалку една година;
- се членови на семејство на словенечки или ЕУ државјани, кои живеат во Република Словенија врз основа на дозвола за престој на член на семејство, без разлика на должината на престој и времетраењето на дозволата за привремен престој;
- престојуваат во Република Словенија врз основа на привремена заштита во согласност со законот за привремена заштита на раселени лица.

Ако сакате да се вклучите во програмата ZIP, потребно е да добиете Потврда за исполнување услови за учество во единствената програма (*Potrdilo o izpolnjevanju pogojev za udeležbo v enotnem programu*) од управната единица.

За продолжување на дозволата за привремен престој поради обединување на семејството потребен е положен испит по словенечки јазик на основно ниво на познавање на јазикот. Ако сакате да се вклучите во неформалната програма за учење на словенечки јазик на основно ниво на познавање на јазикот, потребно е да добиете Потврда за исполнување услови за учество во неформална програма (*Potrdilo o izpolnjevanju pogojev za udeležbo v neformalnem programu*) од управната единица.

Повеќе информации за курсевите (ZIP и неформалната програма за учење на словенечки јазик на основно ниво на познавање на јазикот):
**www.infotujci.si/vkljucevanje-v-slovensko-druzbo/brezplacni-tecaji-slovenskega-jezika**.

За да поднесете барање за Потврдата за исполнување на условите за учество во програмата до управната единица, ќе треба да платите административна такса од 22,60 евра.

Доколку сакате да избегнете чекање во редици, можете да закажете термин во управната единица преку онлајн апликацијата за закажување термини **eSamonaročanje**. Повеќе информации ќе најдете на веб-страницата: **www.gov.si**.
Голем дел од административните постапки можете да ги уредите и електронски преку: **e-uprava.gov.si/en**.



**Upravna enota Škofja Loka**
***Управна единица Шкофја Лока***
Полјанска цеста 2, 4220 Шкофја Лока
ue.skofjaloka@gov.si
+386 4 555 01 00

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## Како може да ви помогне Центарот за социјална работа?

Можете да се обратите во Центарот за социјална работа секогаш кога ќе се најдете во тешка ситуација. Стручните лица нудат финансиска помош, како и помош при интеграција во заедницата, помош за семејствата и децата, како и разни видови советувања.

Првата социјална помош претставува прв разговор со стручно лице каде преку разговор заедно ќе барате решенија за вашите тешкотии. . Ќе добиете информации какви видови на помош ви се на располагање – вклучувајќи финансиска помош, како и помош од други организации (Црвен крст, Каритас итн.).

Како до прва социјална помош? На прв разговор со стручно лице може да дојдете за време на приемните часови. Нема потреба од закажување термин. За итни случаи, можат да ви помогнат и надвор од приемното време, доколку центарот е отворен.

Личната помош претставува индивидуално долгорочно советување и поддршка за решавање на тешкотиите. Во зависност од вашите потреби, условот е доброволно и активно учество. Стручното лице заедно со вас ќе направи план за решавање на тешкотиите и ќе ве насочува во процесот на решавање на проблемите и уредување на животните прашања.

Помошта за семејството во домот претставува помош при уредувањето на односите помеѓу членовите на семејството и грижата за децата. По содржина е слична на личната помош, освен во однос на тоа дека повеќе членови на семејството се вклучени во советувањето.

Финансиска помош: Може да поднесете барање за детски додаток, финансиска социјална помош, додаток за социјална сигурност, субвенционирана цена за градинка, субвенција за прехрана за ученици и средношколци, субвенција за кирија, ослободување од плаќање придонеси за задолжително здравствено осигурување и/или услуги за социјална заштита и слично.

Повеќе за поединечните права можете да прочитате и на веб-страницата:
**www.csd-slovenije.si**.



**Center za socialno delo Gorenjska, Enota Škofja Loka**
***Центар за социјална работа – Горењска, Единица Шкофја Лока***
Партизанска 1д, 4220 Шкофја Лока
www.csd-skofjaloka.si
gpcsd.skofj@gov.si
+386 4 51 70 100

# ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Задолжително здравствено осигурување

Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Заводот за здравствено осигурување на Словенија - ЗЗОС (*Zavod za zdravstveno zavarovanje Slovenije – ZZZS*) врз принципите на социјална правда и солидарност меѓу здравите и болните, старите и младите, богатите и сиромашните. Здравственото осигурување е задолжително во Република Словенија (РС) за сите лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствена заштита и здравствено осигурување (ЗЗЗЗО). Според ЗЗЗЗО, во системот на здравствено осигурување се вклучени осигурениците и членовите на нивните семејства. Како осигуреници, лицата кои ги исполнуваат условите утврдени во член 15 од ЗЗЗО мора да бидат вклучени во задолжително здравствено осигурување, а како членови на семејство, лицата кои ги исполнуваат условите утврдени во членовите 20 до 22 од ЗЗЗЗО.

Со ЗЗЗЗО е пропишана обврската за плаќање придонеси за осигурените лица, при што е утврдено и кој е обврзан да ги плати и кој е должен да пријави лице за задолжително здравствено осигурување, видот на придонесите и основата врз која се плаќаат, како и обемот на правата.

Плаќањето на пропишаните придонеси е поврзано со изворот што му обезбедува на осигуреникот основна социјална сигурност (вработување, пензија, самовработување, инвалидитети, сопствени средства, социјална помош).

Во случај словенечки државјанин со постојан престој во Република Словенија да не ги исполнува условите за да биде осигурен според која било од точките од 1 до 20 и точките од 22 до 25 од член 15 од ЗЗЗЗО, лицето се пријавува во задолжителното здравствено осигурување од страна на надлежниот Центар за социјална работа, кој утврдува дали лицето ги исполнува потребните услови. Членовите на семејството се вклучени во задолжителното здравствено осигурување преку осигуреникот како носители на осигурувањето, доколку тие самите не ги исполнуваат условите за да бидат осигурени.

Пријавата, промената или одјавувањето на лицата во или од задолжителното здравствено осигурување се врши, врз основа на барањето на лицето кое е одговорно за пријава, од страна на подрачната единица или испоставата на ЗЗОС. Задолжителното здравствено осигурување им овозможува на осигурените лица да ги остварат своите права на здравствени услуги, лекови, медицински помагала и на паричен надоместок, како што се надомест на плата за време на привремена спреченост за работа и надомест на патни трошоци поврзани со остварување на нивните права на здравствени услуги.

### Задолжителен здравствен придонес

Дополнителното здравствено осигурување беше укинато на 31-ви декември 2023 година, а од јануари 2024 година беше воведен нов задолжителен здравствен придонес кој, заедно со претходните придонеси за задолжително здравствено осигурување, обезбедува 100-процентно покривање на правата од задолжителнотоздравствено осигурување.

Сите информации во врска со задолжителното здравствено осигурување и задолжителниот здравствен придонес може да се најдат на веб-страницата **www.zzzs.si**.

**Zavod za zdravstveno zavarovanje Slovenije**
**Območna enota Kranj**
**Izpostava Škofja Loka**
***Завод за здравствено осигурување на Словенија***
***Подрачна единица Крањ***
***Филијала Шкофја Лока***
Стара цеста 10, 4220 Филијала Шкофја Лока
www.zzzs.si
oekr@zzzs.si
+386 4 502 33 00



Кога ќе го уредите задолжителното здравствено осигурување, треба да изберете матичен лекар (osebni zdravnik) кому може да се обратите секогаш кога ќе имате здравствен проблем. Можете да добиете список на лекари коишто примаат нови пациенти на веб-страницата на ЗЗОС - ZZZS, во делот за здравствени услуги (Zdravstvene storitve) → избор на матичен лекар (Izbira osebnega zdravnika). Во здравствениот дом има и детски и школски диспанзер, кадешто покрај здравствените услуги, ви се нуди и советување за вашето дете или ученик.

Покрај матичниот општ лекар, можете да изберете и матичен стоматолог и гинеколог.

Здравствените домови имаат и центри за советување каде што можете да добиете информации за одржување на здравјето, здрава исхрана, редовна физичка активност, одржување на оптимална телесна тежина, живеење без нездрави навики (пушење, алкохол итн.), одржување добри односи и управување со стресот. Сите советувања и работилници се бесплатни и отворени за секој што сака да се грижи за своето здравје. Повеќе информации можете да добиете во најблискиот здравствен дом.

Во центрите за ментално здравје на деца, адолесценти и возрасни, обезбедуваме сеопфатна поддршка и третман за лица со проблеми со менталното здравје. Можете да се нарачате и без упат. Повеќе информации можете да добиете во најблискиот здравствен дом.

За итна медицинска помош, јавете се на бесплатниот број 112, односно посетете ја службата за итна медицинска помош, која работи 24 часа.

За комуникација со лекарите, можете да ги користите и повеќејазичните прирачници за комуникација во здравството, кои може да ги најдете на веб-страницата Multilingual health (**http://multilingualhealth.ff.uni-lj.si**).



**Zdravstveni dom Škofja Loka**
***Здравствен дом Шкофја Лока***
Стара цеста 10, 4220 Шкофја Лока
www.zd-loka.si
info@zd-loka.si
+386 4 502 00 00

## ГРАДИНКА

**Градинката Шкофја Лока** работи во 10 единици на 11 различни локации.

- **Единица БИБА (BIBA)**: Подлубник 1е, Шкофја Лока;
- **Единица БУКОВИЦА (BUKOVICA)**: Буковица 34, 4227 Селца;
- **Единица ЦИЦИБАН (CICIBAN)**: Свети Дух 11, Шкофја Лока;
- **Единица КАМНИТНИК (KAMNITNIK)**: Партизанска 1е, Шкофја Лока;
- **Единица НАЈДИХОЈЦА (NAJDIHOJCA)**: Подлубник 1д, Шкофја Лока;
- **Единица РОЖЛЕ (ROŽLE)**: Франково населје 61, Шкофја Лока;
- **Единица ПЕДЕЊПЕД (PEDENJPED)**: Франково населје 51а, Шкофја Лока;
- **Оддел во Ретече (Oddelek v Retečah)**: Ретече 43, Шкофја Лока;
- **Единица ПОД ГРАДОМ (POD GRADOM)**: Капуцински трг 2, Шкофја Лока;
- **Единица КАМЕНЧЕК (KAMENČEK)**: Партизанска цеста 1ц, Шкофја Лока;

Децата можат да се запишат во градинка со наполнети 11 месеци или од крајот на породилното отсуство до поаѓање на училиште. Се препорачува децата да престојуваат во градинка најмногу 9 часа. Групите во градинката се претежно хомогени, што значи дека во нив најчесто се вклучени деца родени во истата календарска година. Воспитно-образовната програма во групата ја спроведуваат воспитувач и помошник на воспитувачот.

### УПИС ВО ГРАДИНКА

За упис во градинка, мора да пополните формулар за пријава, кој е достапен на веб-страницата на градинката, и лично да го доставите до управата на градинката (единица Камнитник, Партизанска цеста 1е, 4220 Шкофја Лока), да го испратите по пошта или на е-поштата vpis@vrtec-skofjaloka.si. Еднаш годишно (на почетокот на март), градинката има  редовен уписен рок, а пријавите поднесени во тој рок имаат приоритет за прием со новата учебна година или од 1-ви септември. Можете да ја поднесете пријавата и во кое било време во текот на учебната година, но вклучувањето е можно само ако има слободни места.

### ЛЕКАРСКА ПОТВРДА

За запишување во градинка, потребна е и **лекарска потврда**, пополнета од матичниот лекар на детето (педијатар кој работи во Словенија). Потврдата мора да докаже дека детето е вакцинирано против мали сипаници, заушки и рубеола. Лекарската потврда мора да се достави **најдоцна до денот на вклучување во градинка**.
Доколку детето има **посебен режим на исхрана**, во градинката мора да се донесе **потврда за медицински пропишана диета**, пополнета од педијатарот на детето.

### СУБВЕНЦИОНИРАНА ЦЕНА ЗА ГРАДИНКА

- Барањето за остварување права од јавни средства или намалена цена за градинка мора да се достави до Центарот за социјална работа за секое дете запишано во градинка.
- Градинката е бесплатна за второто дете доколку во исто време во градинка е вклучен и постар брат или сестра. Градинката е бесплатна и за третото и секое следно дете, без оглед на тоа дали истовремено се запишани во градинка и неговите браќа или сестри.

### ПОДГОТОВКИ ЗА ПОЧЕТОК ВО ГРАДИНКА

- Во јуни се одржува заеднички состанок за родители на деца кои за прв пат одат во градинка.
- Потоа следува индивидуален разговор со воспитувачите, на кој родителите присуствуваат заедно со детето (околу една недела пред детето да започне да посетува градинка). На состанокот ќе разговарате за навиките на детето (како најлесно заспива, како се смирува, со што сака да си игра, како јаде итн.), претходни искуства со грижата за детето, евентуални посебни здравствени потреби и евентуални третмани кај стручни лица.

### ПОСТЕПЕНА АДАПТАЦИЈА ВО ГРАДИНКА

Сосема е нормално детето да плаче повеќе кога започнува да оди во градинка, да биде почувствително и уморно, да има проблеми со спиењето, исхраната итн. Ова обично трае неколку дена и брзо поминува кај повеќето деца.
Затоа, на родителите им се препорачува да земат **неколку слободни дена** за периодот на адаптација за да бидат присутни во градинката со своето дете. Договорете се со воспитувачот за времето на доаѓање и времето што ќе го поминете во градинката. Се препорачува првите денови, детето да донесе омилена играчка со себе во градинката што ќе го потсетува на домот.

### ПОТРЕБНИ РАБОТИ ЗА ДЕТЕТО ВО ГРАДИНКА

- Децата треба да имаат **резервна облека и обувки, обележани влечки, торба за валкана облека, доволна количина пелени и влажни марамчиња** во градинката.
- Во почетниот период на адаптација, се препорачува децата да имаат и **омилена играчка или омилен предмет за успивање или утеха** со себе.

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ**

Родителите можат да добијат информации за своето дете и градинката преку:

- **секојдневна размена на информации** помеѓу воспитувачите и родителите,
- индивидуални месечни **разговори** (од родителите се очекува да присуствуваат најмалку еднаш годишно односно доколку се поканети на приемни часови од воспитувачите),
- **родителски средби по групи** што се одржуваат двапати годишно (од родителите се очекува да присуствуваат на двата родителски состаноци),
- **заеднички состаноци на ниво на група и единица**,
- **предавања за родители**.

Важните информации за родителите се објавени на огласни табли на вратите од просториите на групите и на електронски училници (секоја група има своја електронска училница, за која родителите креираат кориснички профил и се најавуваат со лозинка поставена од воспитувачот на групата). Подетални упатства за користење на електронска училница се достапни на **www.vrtec-skofjaloka.si/za-starse/e-igralnice**.

**ПРИЈАВУВАЊЕ ОТСУСТВО НА ДЕТЕТО ВО ГРАДИНКА**

Доколку родителите не го донесат своето дете во градинка, можат да го соопштат неговото отсуство најдоцна до 7 часот наутро во веб-апликацијата **WEB VRTEC** (означете ги деновите кога детето нема да биде во градинка и наведете ја причината, на пр. болест). Ќе добиете пристап до апликацијата преку е-пошта.

**ДОАЃАЊЕ ВО ГРАДИНКА ВО СЛУЧАЈ НА БОЛЕСТ**

Родителите **НЕ** треба да го носат своето дете во градинка ако детето:

- имало покачена температура, дијареја или повраќање во последните 48 часа,
- има осип,
- има вошки или шуга.

Во случај на други болести, ги следиме упатствата на лекарот. При повторното доаѓање на дете во градинка по болест, потребно е да се земе предвид и општата состојба на детето, неговата општа состојба и способноста за нормално јадење, спиење и играње.

Градинките ги информираат родителите за појавата на болести и мерките за нивно спречување преку известувања на огласни табли. **Во случај детето да се разболе во градинка, тие веднаш ги информираат родителите, од кои се очекува што поскоро да дојдат да го земат болното дете**. На овој начин, тие го штитат здравјето на другите деца во градинка и му овозможуваат на болното дете да добие соодветна нега дома.

**РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА**

Доколку се забележат потешкотии во развојот на детето, тоа добива дополнителна стручна помош во градинката. Во ова се вклучени и соработуваат родителите, градинката и здравството. Во случај на дополнителни прашања, можете да се обратите во советодавната служба на градинката.

## ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Во Словенија основното образование е задолжително за учениците на возраст од 6 до 15 години. Основното училиште трае 9 години и е бесплатно. Во прво одделение од основно училиште се запишуваат децата што ќе наполнат 6 години во календарската година кога почнуваат да одат на училиште. Уписот во основно училиште е во февруари. Повеќе за уписите и програмата, како и за децата што веќе биле запишани во основно образование, ќе добиете во најблиското основно училиште. Повеќе информации за субвенционирано плаќање ручек и ужина ќе добиете во Центарот за социјална работа.

**Osnovna šola Škofja Loka-Mesto**
***Основно училиште „Шкофја Лока – Град“***
Шолска улица 1, 4220 Шкофја Лока
www.ossklm.si
info@ossklm.si
+386 4 506 00 11

**Osnovna šola Ivana Groharja**
***Основно училиште Иван Грохар***
Подлубник 1, 4220 Шкофја Лока
www.groharca.si
info@os-igroharja.si
+386 4 506 11 13

**Osnovna šola Cvetka Golarja**
***Основно училиште Цветко Голар***
Франково населје 51, 4220 Шкофја Лока
www.oscg.si
info.c-golar@guest.arnes.si
+386 4 513 04 00

**Osnovna šola Jela Janežiča**
***Основно училиште Јел Јанежич***
Подлубник 1, 4220 Шкофја Лока
www.os-jela-janezica.si
jela.janezica@os-jela-janezica.si
+386 4 506 14 11

Основното училиште „Јел Јанежич“ е основно училиште со прилагодена програма и спроведува две програми:

- **прилагодена програма за основно училиште со понизок образовен стандард (*Nižji izobrazbeni standard – NIS*);**
- **посебна програма за воспитание и образование (*Posebni program – PP*).**

Вработените во основното училиште „Јел Јанежич“ обезбедуваат **дополнителна стручна помош** во други училишта и градинки.

## СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Средното образование се одвива во гимназии, стручни или технички училишта и трае 3 или 4 години. Конкурсите за упис се објавуваат секоја година во февруари. Во тоа време, средните училишта одржуваат и информативни денови, кадешто можете да дознаете сè за програмите на училиштето. Запишувањето во средните училишта е во март. Учениците може да имаат право и на намалена цена за училишна ужина.

**Šolski center Škofja Loka**
***Училишен центар Шкофја Лока***
Подлубник 1б, 4220 Шкофја Лока
www.scsl.si
info@scsl.si
+386 4 50 62 300

**Gimnazija Škofja Loka**
***Гимназија Шкофја Лока***
Подлубник 1б, 4220 Шкофја Лока
www.gimnazija-skofjaloka.si
info@gimnazija-skofjaloka.si
+386 4 51 83 330

# ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ

Дали сте возрасна личност и сакате да го завршите вашето образование? Дали сакате дополнително да се образувате? Ви се нудат бројни можности за завршување и стекнување на формално образование, како и учествување во бесплатни неформални програми во форма на работилници и предавања за личен раст, јакнење на основните вештини, полесна интеграција во локалната средина и сл. Имате вештини и знаења за одредена професија, но немате формални потврди за нив? Во тој случај, можете да се вклучите во програмата NPK - Национална стручна квалификација (*Nacionalna poklicna kvalifikacija*) за побрзо да се стекнете со посакуваната професија. Обратете се во Народниот универзитет Шкофја Лока (*Ljudska univerza Škofja Loka*), кадешто ќе ве советуваат и ќе ви помогнат. Некои образовни програми за возрасни се и бесплатни.

Програми за образование на возрасни нудат и Центарот на РС за стручно образование (*Center RS za poklicno izobraževanje*), **www.cpi.si/o-cpi/kje-smo** и Центарот за деловна обука (*Center za poslovno usposabljanje*), **www.cpu.si**.



## КУРСЕВИ ЗА СЛОВЕНЕЧКИ ЈАЗИК

Познавањето на словенечкиот јазик сигурно ќе ви го олесни животот во новата средина. Државјаните на трети земји (сите земји, освен државите-членки на ЕУ, ЕЕА и Швајцарија) можат бесплатно да посетуваат курс за словенечки јазик, организиран во рамките на програмата ZIP - Почетна интеграција на доселеници (*ZIP - Začetna integracija priseljencev*). Се организира низ цела Словенија, а контактите на изведувачите на курсевите се дадени подолу. Целосната ажурирана листа е објавена тука: **www.infotujci.si/vkljucevanje-v-slovensko-druzbo/brezplacni-tecaji-slovenskega-jezika**.

Можете да го посетувате курсот ако имате важечка дозвола за престој, не се школувате или не сте го завршиле образованието во Словенија и доколку сè уште немате положено испит за словенечки јазик на основно ниво. Курсот трае до 180 часа, а услов за учество е потврда од управната единица (*Potrdilo o izpolnjevanju pogojev za udeležbo v enotnem programu* – Потврда за исполнување на условите за учество во програмата), за која се плаќа 22,60 евра. За да пристапите на испитот, потребно е најмалку 80 % присуство на предавањата. Испитот е бесплатен. Народниот универзитет во Шкофја Лока (*Ljudska univerza Škofja Loka*) е исто така овластен центар за испити, кој во соработка со Центарот за словенечки како втор и странски јазик (Катедра за словенистика при Филозофскиот Факултет, Универзитет во Љубљана) спроведува испити по словенечки јазик на основно ниво според јавно признатата образовна програма: словенечки како втор и странски јазик („*Slovenščina kot drugi in tuji jezik*“).

**Ljudska univerza Škofja Loka**
***Народен универзитет во Шкофја Лока***
Подлубник 1а, Шкофја Лока
www.lu-skofjaloka.si
info@lu-skofjaloka.si
+386 4 506 13 00

### Неформални курсеви по словенечки јазик

Неформалните курсеви по словенечки јазик ви овозможуваат да се подготвите за испитот за основно ниво на познавање на јазикот, што треба да го положите за да ја продолжите вашата дозвола за привремен престој по основ на семејно здружување. Пред да се пријавите за курсот, треба да добиете потврда за исполнување на условите од управната единица (погледнете го делот: *Административни услуги*).

Повеќе за курсевите (ZIP и програмата за неформално учење словенечки јазик за основно ниво на комуникација):
**www.infotujci.si/vkljucevanje-v-slovensko-druzbo/brezplacni-tecaji-slovenskega-jezika**.



## ВРАБОТУВАЊЕ

Барањето за работна дозвола е вклучено во барањето за единствена дозвола, која на странците од трети земји им дозволува влез, престој и работа во Словенија. Ако сте веќе во Словенија, барањето за единствена дозвола го доставувате до управната единица или во дипломатско-конзуларното претставништво на Словенија во вашата земја. Пред поднесување на барањето, информирајте го работодавачот, бидејќи сите даночни обврски мора да се подмират на денот на пријавувањето.

Постапката за издавање на единствена дозвола ја води управната единица, а Заводот за вработување издава согласност за единствената дозвола за престој и работа доколку ги исполнувате сите услови. Условите зависат од видот на работата. Деталите ќе ви бидат објаснети во Заводот за вработување, а, исто така, се достапни и тука:
www.ess.gov.si/delodajalci/zaposlovanje-tujcev-iz-tretjih-drzav/enotno-dovoljenje.

За државјаните на Босна и Херцеговина и Србија и сезонска работа во земјоделство/шумарство и туризам/угостителство, Заводот за вработување издава дозволи за вработување за сезонска работа за помалку од 90 дена.

Самовработување: Странците можат да се самовработат по една година непрекинат законски престој во Словенија или по уписот во деловниот регистар. Во овој случај не е потребна согласност од Заводот за вработување.

Можете да дознаете какви се вашите права и обврски, како и на вашиот работодавец при Работничкото советувалиште (Delavska svetovalnica) на бесплатниот телефонски број 080 14 34 или на www.delavskasvetovalnica.si.

Инфо-точка за странци:
www.ess.gov.si/iskalci-zaposlitve/zaposlitev-tujih-drzavljanov/infotocka-za-tujce.

**Zavod za zaposlovanje, Urad za delo Škofja Loka**
***Завод за вработување, Биро за вработување Шкофја Лока***
Стара цеста 2, 4220 Шкофја Лока
gpzrszkranj@ess.gov.si
+386 4 777 52 70

## СПОРТ, КУЛТУРА И ОПШТЕСТВЕН ЖИВОТ

Активностите во слободното време можат да ви помогнат полесно да се вклопите во новата средина и да се запознаете со локалното население, затоа ве охрабруваме да се придружите на некоја активност во вашиот град и подобро да се запознаете со локалното население. Повеќето активности се бесплатни, организаторите секогаш со задоволство прифаќаат нови учесници, а повеќе информации можете да ги добиете директно од организациите.
**Информации за настаните во Шкофја Лока и околината ќе најдете на веб-страницата за Туризам во Шкофја Лока** (www.visitskofjaloka.si/si/dogodki).

Спортските активности ги организираат спортските друштва. Проверете ги веб-адресите во продолжение за тоа какви активности се достапни во вашата околина. Можете да се вклучите во локалната екипа за фудбал, кошарка, ракомет или одбојка или со планинарското друштво да ги посетите околните врвови за да го запознаете уште подобро вашиот нов дом.
**Завод за спорт Шкофја Лока (Zavod za šport Škofja Loka):** www.zsport-skloka.si
**Спортски сојуз Шкофја Лока – друштва (Športna zveza Škofja Loka – društva):**
www.zsport-skloka.si/drustva

Ако **културата** ве интересира повеќе од спортот, можете низ градот да посетите музеј, галерија, изложба или да се придружите на локалното културно друштво и заедно со другите членови да ги запознавате културните знаменитости.
**Лошки музеј Шкофја Лока:** www.loski-muzej.si
**Соколски дом:** www.sokolskidom.si
**Кино Сора:** www.kinosora.si
**Центар за ракотворби Шкофја Лока (Rokodelski center Škofja Loka):** www.centerduo.eu

**Младинските центри** нудат простор за средби и дружење, како и активности за средношколци, студенти и други млади луѓе. Се организираат друштвени и културни настани, спортски активности и неформални едукативни активности (работилници, курсеви, предавања, тркалезни маси).

**Dnevni center za otroke in mladostnike – DC OM**
***Дневен центар за деца и млади – DC OM***
Партизанска 1д, 4220 Шкофја Лока
dcom.mesto@gmail.com
+386 30 226 508

**Dnevni center za mlade – DCM Podlubnik**
***Дневен центар за млади – ДЦМ Подлубник***
Подлубник 139, 4220 Шкофја Лока
dcm.podlubnik@gmail.com
+386 51 363 107

**Društvo prijateljev mladine**
***Друштво на пријатели на младите***
*(активности за деца за време на распуст)*
www.dpm-skofjaloka.si
dpm.skofjaloka@gmail.com
+386 69 434 920

**Mladinski dnevni center – MDC Blok**
***Младински дневен центар – МДЦ Блок***
Франково населје 68, 4220 Шкофја Лока
blok@familija.eu
+386 40 326 165

**Библиотеките** се исто така вистинска ризница на информации за актуелните настани во вашата околина , затоа распрашајте се во најблиската библиотека за актуелните настани. Во библиотеките исто така постојат бројни настани за вашите деца и ученици.

**Knjižnica Ivana Tavčarja, Škofja Loka**
***Библиотека Иван Тавчар, Шкофја Лока***
Шолска улица 6, 4220 Шкофја Лока
www.knjiznica-skofjaloka.si
info@knjiznica-skofjaloka.si
+386 51 672 367

## Креативни и едукативни активности за возрасни

Заводот Три организира разни креативни и едукативни активности за возрасни кои поттикнуваат меѓукултурно поврзување и учење на словенечкиот јазик во заедницата. Во рамките на Заводот делува и текстилната заедница Бреја преја, која претставува креативен простор за меѓукултурно дружење и учење на словенечкиот јазик во пракса.

***Zavod Tri***
***Завод Три***
Капуцински трг 8, 4220 Шкофја Лока
www.zavod-tri.org
info@zavod-tri.org
+386 40 528 387



# ПОЛИЦИЈА, ПОЖАРНА СЛУЖБА И ИТНА ПОМОШ

Ако во кое било време се најдете во ситуација во која е загрозен вашиот живот или животот на друго лице, јавете се на телефонскиот број 112 (итна медицинска помош, пожарникари, полиција). Ако сте биле жртва или сведок на кривично дело или, пак, се сомневате во кривично дело, јавете се во полиција на телефонскиот број 113. Исто така, можете да се јавите во полиција анонимно и бесплатно на телефонскиот број 080 1200. .



Zavod Tri
REPUBLIKA SLOVENIJA
**MINISTRSTVO ZA JAVNO UPRAVO**
Občina Škofja Loka

Информативната брошура *„Шкофја Лока, мојот нов дом“* е заедничко издание на Општина Шкофја Лока и Завод Три во рамките на програмата *Stičište NVO Gorenjske*.

Шкофја Лока, мај 2026